**Коментари за Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

1. Предложеното професионално ангажирање на членовите на Советот во член 2 од измените и дополнувањата за измени на членот 12 од ЗААВМУ не е во согласност со карактерот на регулаторното тело како Агенција и ќе предизвика конфликти и неусогласеност во работењето на Советот, вработените во Агенцијата и Директорот на Агенцијата. Ова треба да остане како во сегашното решение.

   Предлогот за префрлање на надлежности од Директорот кон Советот во членот 6 од измените и дополнувањата за измени на членот 18 од ЗААВМУ може се корегира на начин Директорот да ги предлага тие одлуки, а Советот да ги одобрува.

   Ако се инсистира на наведените предлози во членовите 2 и 6 од измените и дополнувањата подобро е целосната одговорност да се префрли на идниот Совет и да се укине телото Директор, регулаторното тело да го претставува идниот Претседател на Советот и да се смени повторно името на идното регулаторното тело во Совет за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Со член 12 се изменува член 61 од ЗААВМУ така што радиодифузерите „се должни“ да ги почитуваат начелата (односно професионалните стандарди), а со член 38 се воведува глоба за непочитување на овој член.

   Професионалните стандарди се предмет на саморегулација и така треба да остане, зашто за почитувањето на новинарските принципи треба да одлучуваат претставниците на професијата. Во овој контекст не треба да се зајакнува позицијата на регулаторното туку на саморегулаторните механизми.

   Во Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да се избрише членот 38.

3. Со предлогот во измените и дополнувањата во член 13 за дополнување на членот 76 во постојниот закон со два нови става (2) и (3) го ограничува правото да се формира нов медиум кој емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа која практично преставува неограничен ресурс.

   Не е јасно на кого од сите заинтересирани страни кои ќе поднесат барање за доделување дозвола ќе му биде доделена дозволата. Ако дозволата треба се додели на оној барател кој понудил највисоки услови, тогаш нема разлика во постапката со доделување дозвола преку конкурс. Ако пак треба да се додели дозвола на сите што ги исполнуваат условите, тогаш е беспредметна изработката на анализата и нема никаква разлика со постојното решение. Ако анализата покаже дека нема оправданост да се додели дозвола, врз основа на кој член нема да се додели дозволата, а барателот ги исполнува условите?

   Во Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да се избрише членот 13.

4. Со предложеното намалување на висината на надоместокот за дозвола се загрозува финансиската независност на Агенцијата затоа што поголем дел од приходите на Агенцијата ќе зависат од владини инситуции, ќе се проблематизира нејзиното оперативно работење и одржувањето на системот за мониторинг.

   Во Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да се избрише членот 14.

5. Роковите во член 41 од во измените и дополнувањата се прекратки, да се зголемат најмалку за два пати.

6. Потребно е усогласување на Изборниот законик и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во делот за електронските медиуми (интернет порталите) преку бришење на делот за интернет порталите во Изборниот законик во постапка истовремено со донесување на измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или со тековните измени и дополнувања на ЗААВМУ да се воведе евиденција во соодветен регистар кој ќе го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.